**Согласно со член 75 од ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА и СПАСУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр 36/04, 49/04 и 86/08 Управниот одбор на правното лице** ЈП Комуналец - КАвадарци **на седница одржана на ден ____200_ год донесе**

# П Р А В И Л Н И К
## За заштита од пожари и експлозии

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**Со цел да се одстранат опасностите од пожар и спасат луѓето и имотот се донесува Правилник за заштита од пожари.**

**Со овој Правилник се регулира организацијата за заштита од пожари, правата и обврските на вработените , средствата и мерките за заштита од пожар, запознавање на вработените со мерките за заштита од пожар како и ракување со опремата за гасење пожар.**

**Член 2**

**Работниците се должни да спроведуват заштита од пожар вршејќи работни задачи на кои се распоредени. Работите на заштита од пожар се од заеднички интерес, а загрозувањето и уништувањето на имотот се смета за штета за претпријатието во целост.**

**Член 3**

**Работниците се придржуваат кон одредбите на овој Правилник, предупредувањата кои се напишани и истакнати на видни места во кругот на претпријатието и сите објекти .**

**Член 4**

**Мерките за заштита пропишани со овој правилник и други акти од оваа област ги спроведуваат вработените како и други лица кои присуствуват во објектите, просторите или кругот на претпријатието.**

**Член 5**

**За унапредување и спроведување на мерките за заштита од пожар во границите на своите должности одговорни се :**

1. **Директор**
2. **Раководителите на РЕ**
3. **Одговорни лица со посебни овластувања,**
4. **Вработени лица.**

**Управниот одбор на правното лице најмалку еднаш годишно расправа за состојбите и проблемите со заштита од пожар** и експлозии **во претпријатието**

**Член 6**

**Во претпријатието се формираат сили за заштита и спасување.**

**Членовите на единицата за заштита од пожар се обучуваат за ракување со против пожарна опрема и апарати за гасење на пожар.**

**Во случај на пожар членовите на единицата се должни веднаш да пристапат кон гасење на истиот и да ги извршуваат сите наредби на одговорното лице**

**Член 7**

**Вработените се должни да го контролираат складирањето на запаливи материи и начинот на манипулирањето со запаливи експлозивни материи, исправноста и употребливоста на ПП опремата и ПП апаратите, проодноста на ПП патеките, правилната распореденост и достапноста на ПП апарати во објектите. исправноста на хидрантите и нивната опременост, пристапите кон шалтаблите , влезовите во објектите и исправноста на громобранската инсталација .**

**Да ги предупредуваат надлежните и одговорни лица за воочените неправилности.**

**Член 8**

**Одговорни лица за заштита од пожари ги имаат следниве должности:**

**За време на работата , ги извршуваат непосредните задачи и работи за заштита од пожари , во склад со потребните законски и други нормативи и одредбите на овој правилник и други акти од оваа област како и налозите на непосредниот раководител на службата.**

**За време на работата работниците ги обиколуват објектите, просториите, постројките , апаратите и инсталациите , а посебно местата каде што постои зголемена опасност од пожар . За воочените недостатоци и потенцијални опасности за пожар веднаш го известува непосредниот раководител на службата и превземат потребни мерки за спречување на несакани последици.**

**При обиколката на работните и други простории и објекти ја контролира исправноста на ПП опремата и нејзината разместеност.**

**За воочените недостатоци навреме го известува непосредниот раководител и превземат мерки за приправност и спречување на несакани последици;**

**Ги известуват вработените во објектите за потребата од придржување кон предвидените мерки за заштита од пожар. Во случај кога ќе се утврди дека вработените не се придржуваат кон пропишаните мерки за заштита од пожар и покрај предупредувањата , веднаш го известуват непосредниот раководител .**

**Да ги познават сите мерки на заштитата утврдени со пожарниот куќен ред за објектот во кој што ја вршат работата како и другите свои должности утврдени со Закон, со овој Правилник како и со други акти;**

**Редовно се информират и стручно се усовршуват од областа на заштитата од пожари како и самостално го дополнуват своето знаење по налог на непосредниот раководител на службата;**

**Ја чуват уредно ја оддржуват и наменски ја користи личната опрема за заштита со која се задолжени .**

**Коректно се однесува према вработените и посетителите во претпријатието**

**Навремено ги превземат сите потребни мерки за заштита на имотот и луѓето од елементарни непогоди, хаварии , оштетувања и сл..**

**За сите воочени негативности кои ја загрозуват безбедноста на објектот го известуват непосредниот раководител и другите одговорни лица во претпријатието.**

**Член 9**

## Одговорно лице за заштита од пожар ( Раководител на РЕ )

**Одговорното лице за заштита од пожари при вршењето на работните задачи ги има следниве должности:**

1. **Ги следи превентивните мерки за заштита од пожари утврдени со Закон и со други прописи, со овој Правилник како и други акти на правното лице.**
2. **До одстранувањето на неисправноста од предходниот став Одговорното лице превзема потребни мерки и ги применува за да не дојде до појава на пожар , како и до несакани последици и евентуални човечки жртви;**
3. **Одговорното лице за заштита од пожари се грижи за бројот и разместувањето на ПП апаратите, хидрантската и друга опрема , за нивната исправност, нивна замена , поправка, сервисирање и сл.**
4. **Се грижи за припремањето на општите акти од областа на заштитата од пожари .**
5. **Се грижи за работата и обученоста на вработените во службата и вработените , а се со цел за подигање на полна приправност и спремност за извршување на нивните работни задачи од областа на заштитата од пожари;**
6. **Му предлагаат мерки за заштита од пожар на Управниот одбор, а ако во таквата постапка има и елементи за повреда на работните обврски да му поднесат на надлежниот орган и барање за покренување на дисциплинска постапка;**
7. **Во случај на појава на пожар непосредно учествува во откривање на причините за појава на пожар;**

8. **Ги прати прописите од областа на заштитата од пожар , како и на техничките достигања од областа на заштитата од пожари и во согласностсо тоа предлага и превзема конкретни мерки заради унапредување на заштитата од пожари;**
9. **Предлага и се грижи за спроведувањето на мерките и нормативите од областа на зашитата од пожари при адаптацијата , реконструкцијата , поправки и сервисирања кој што се вршат во објектите на претпријатието**
10. **Води потребна евиденција од областа на заштитата од пожари како и други евиденции од оваа област;**
11. **Во случај на воочување на одредени недостатоци поради кои постои опасност од избивање на пожар, го известува претпоставениот.**
12. **Одговорното лице за заштита од пожари има соодветна стручна спрема од оваа област (** или совладано обука од истата **) ;**

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОРГАНИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Член 10**

**Управниот одбор на претпријатието во областа на организирањето,спроведувањето и унапредувањето на заштитата од пожари ги врши следните работни задачи:**

1. **Донесува правилник за заштита од пожари , пожарен куќен ред, програма за обука на вработените во службата за ППЗ, како и на сите вработени во претпријатието;**
2. **Се залага за обезбедување на средства за заштита од пожари, ги утврдува потребните средства наменети за заштита од пожари врз основ на расположивите средства, одобрува нивно користење;**
3. **Прави увид за состјбата на организацијата за заштита од пожари и степенот за безбеденоста превзема и потребни мерки со цел за унапредување на заштитата од пожари;**
4. **Ги разгледува инспекцијските и други наоди известија и решенија , како и извештаите и заклучоците на органите на управувањето. Превзема мерки утврдените недостатоци да се одстранат во дадени рокови како и спроведување на заклучоците;**
5. **Се залага и ги обезбедува потребните услови за благовремено, потполно и редовно информирање на вработените и другите лица за состојбите на организирањето и спроведувањето на пропишаните мерки за заштита и превзема мерки за понатамошно остварување и унапредување на заштитата од пожари;**
6. **Ја утврдува материјалната и друга одговорност на раководителите како и на вработените со посебни овластувања и одговорности кои што ги именува, а за не спроведување на пропишаните и наложените мерки за заштита кој што им се ставени на располагање или прописите донесени врз основа на законот, со овој правилник и други општи акти;**
7. **Формира комисија за заштита од пожари, ги разгледува нејзините извештаи и донесува одлуки и ја прати и усмерува нивната работа;**
8. **Врши и други работи и задачи што придонесуваат за унапредување за Заштитата од пожари;**

**РАКОВОДНО ЛИЦЕ ( Директор )**

**Член 11**

**Раководното лице при вршењето на работите од областа на заштитата од пожари ги има следниве права и должности.**

**Одговорен е за организирање на заштитата од пожари во претпријатието, а посебно за примена на пропишани мерки за заштита од пожари:**

1. **Во случај на одредени одстапувања или недостатоци, должен е да превземе мерки за одстранување на уочените недостатоци;**
2. **Му предлага на Управниот одбор , разгледување на пооделни прашања од областа на заштитата од пожари и превзема потребни мерки за нивно решавање;**

3. Се залага за навремено донесување на Планот за заштита од пожари и правилата за заштита од пожари, како и другите акти во оваа област;
4. Навремено и прописно ги одстранува утврдените недостатоци;
5. Навремено и прописно врши набавка на средства и опрема за гасење на пожари нејзина употреба и оддржување.
6. Ги информира вработените за состојбите , мерките и средствата што се превземат за спроведувањето и унапредувањето на заштитата од пожари и експлозии;

## ВРАБОТЕНИ СО ПОСЕБНИ ПРАВА ОБВРСКИ, ОВЛАСТУВАЊА

### Член 12

Вработените со посебни права и обврски како и другите непосредно одговорни, при извршењето на задачите од областа на заштитата од пожари ги имаат следниве права и обврски:

1. Одговорни се за состојбата за заштита од пожари во претпријатието
2. Должни се во делокругот на својата работа да ја контролираат и организираат работата на вработените и го штитат имотот,
3. Се залагаат и ги превземаат сите потребни мерки , со цел доследна примена на утврдените и наложени мерки за заштита од пожари во претпријатието во која што работат
4. При организирањето на процесот на работа , контролираат и обезбедуваат примена и доследно придржување на пропишаните и наложени мерки за заштита од пожар.
5. Во случај на воочени недостатоци навреме превземаат мерки за одстранување на недостатоците;
6. Должни се да обезбедат сите вработени во претпријатието да бидат запознати со заштитата од пожари
7. Да организираат работни состаноци заради разгледување на прашањата за мерки кој што треба да се превземат за поефикасна заштита од пожари и анализа на пропустите и недостатоците во спроведувањето на мерки кој што треба да се превземат, заради разгледување и завземање на ставови и одредбите и наодите на инспекцијските служби, како и доследната употреба на заштитните средства и опрема за заштита од пожар;
8. Извршуваат и други работни задачи кој што придонесуваат за унапредување на заштитата од пожари;
9. Обезбедуваат соработка со службата за заштита од пожари заради доследна и навремена примена, на сите утврдени и наложени мерки за заштита од пожари;

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Вработените во претпријатието се носители на работите задачи, спровењување и унапредувањето на работи и задачи, односно општите и посебни мерки за заштитана луѓето и имотот, во склад со Законот, со овој правилник и другите акти напретпријатието, а посебно:

1. да организираат заштита на сите вредности со кој што располагаат на начин кој што обезбедува полна лична сигурност на вработените и сигурност на имотот на претпријатието.
2. Да презамат, спроведуваат да се придражаават кон пропишаните мерки за заштита .
3. Да бараат помош од органите организациите и лицата кој што оваа помош можат или мораат да им ја дадат и да им укажат помош во склад со своите можности а поготово во гасењето на пожари и спречување на неговото ширење .
4. да упатуват предлози и барања на лицата органите и службирте надлежни за преземање мерки на заштита за одстрањување на опасностите т.е. недостатоците или последиците по здравјето и животот на луѓето од пожар , оштетување или уништување на објектите
5. Да бидат вистински и навреме известени за појавите на загрозување на луѓето и имотот, со мерките и задачи кој што се превземени за одстранување на последиците на загрозеност;
6. Да се оспособуваат и вршат проверка на знаењата за непосредно применување на мерките на заштита, одстранување на причините за појава на загрозување како и нивните последици;
7. Во текот на работата и по завршувањето на работното време, стално да ја пратат и контролираат работата, функционирањето и исправноста на машините, апаратите

**,инсталациите и други средства во работната средина и пошироката околина и секоја неисправност веднаш да ја пријават до надлежниот орган т.е. служба, со цел за одстранување на нивната неисправност која што може да ја загрози безбедноста на луѓето и имотот напретпријатието**

8. **Внимателно да ракуваат со опасните материјали како што се нагризувачките запаливите и експлозивни материи и материјали и да превземат мерки на заштита при нивното користење;**
9. **Да се грижат пристапот до нивните работни места да биде постојано слободен за несметана употреба на средствата за гасење на пожар и други заштитни средства за одстранување на последиците на овие и на други појави;**
10. **Да користат лична заштитан опрема и средства на начин кој што е пропишан со Правилник**
11. **Да пријават појава на пожар и да учествуваат во гасењето на истиот на начин пропишан со овој правилник и други акти на претпријатието.**

## ТЕХНИЧКА ОПРЕМА И СРЕДСТВА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ И НИВНА РАЗМЕСТЕНОСТ

**Член 13**

**За успешно извршување на задачите за заштитата од пожар и заштита на луѓето и имотот и гасење на пожар, со кој што правилник се пропишува и минималната техничка опрема и средства за гасење на пожар предвидени со закон и плановите за заштита од пожар во претпријатието.**

**ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ**
**(рачни и преносни)**

**1.С апарати од сите видови**
**2.СО2-апарати од сите видови**
**3.Сите противпожарни апарати со кој што се гаси пожар најефикасно и најбрзо без последици за претпријатието и за вработените**

**Потисни црева**

1. **Црево тревира Ф-52**
2. **Црево тревира Ф-72**

**Млазници меѓумешалици Усисни корпи**

**ХИДРАНСКИ ОРМАРИ**

**1.Зиден - празен**
**2.Самостоечки празен**

**Член 14**

**За одржување на ПП средства и ПП опремата се грижат сите вработени службата за заштита од пожари и секој поединец задолжен со оваа опрема како и сите вработени вопретпријатието.**

**Член 15**

**Средствата за гасење на пожар морат** да **се наоѓаат на пристапни видни и означени места т.н. пожарни пунктови, во просториите и објектите и надвор од објектите и секогаш во исправна состојба апаратите за гасење на пожар мораат да се контролираат согласно упатството на производителот а најмалку еднаш годишно.**

**Сервисирањето и контролирањето на апаратите за гасење пожар го врши овластена служба-сервис.**

**Член 16**

**Видот на опремата и сретствата за гасење на пожар и нивниот распоред се утврдува со планот за заштита од пожар.**

## ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

**Член 17**

**Секој вработен во претпријатието кој ќе примети пожар должен е да го изгаси ако тоа може да го стори без опасност за себе или друг ва случај кога вработениот не може сам да го изгаси пожарот должен е веднаш да ја извести ТПП единицата во претпријатието.**

**Член 18**

**Кога се работи за пожар од поголем обем кој не може да се изгаси со сопствени сили раководителот или од него овластеното лице бараат помош од општинската ПП единицата ( ТППЕ - Кавадарци).**

**Член 19**

**ПП единицата е должна веднаш да пристапи кон негово локализирање. Вработените во претпријатието се должни да учествубаат во гасењето на пожарот и спасувањето на лица и имот загрозени од пожар.**

**Член 20**

1. **По дознавањето на настанатиот пожар ПП единицата ги презема следните мерки :**
2. **Дава знак за узбуна**
3. **Одговорните лица веднаш се јавуват во ПП единицата или ако се во близина одат веднаш на настанот**
4. **По утврдување на првични состојби се упатуват луге и опрема на местото на настанот.**
5. **По пристигнувањето на местото на пожарот раководителот на акцијата за гасење на пожари врши процена на ситуацијата донесува одлука за начинот на спасување на луѓето и имотот, видот и ПП опремата и средствата за гасење на пожарот.**

**Член 21**

**За време на пожарот сите присутни или повикани должни се да ги извршуваат наредбите на раководителот на акцијата за гасење на пожар.**

**Член 22**

**За настанатиот пожар се известуват Министерството за внатрешни работи ( полициската станица ) , и другите релевантни субјекти.**

**После давањето на знак за узбуна забранета е употреба на телефон освен за најитни разговори кои што се во врска со настанатиот пожар.**

**Член 23**

**Гасењето на пожарот и спасувањето на луѓето и имотот се врши додека пожарот не се изгаси во целост или раководителот на акцијата не ја прекине акцијата.**

**Член 24**

**Во колку постои опастност од повторно избивање на пожар раководителот на акцијата ќе одреди против пожарна стража со потребен број на пожарникари , средства и опрема на местото на пожарот.**

**Член 25**

**По враќањето од интервенција раководителот на акцијата за гасење на пожар доставува извештај за текот и резултатите на интервенцијата, на одговорното лице.**

## ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 26**

**Претпријатието обезбедува вработените , а посебно вработените на места со зголемена опасност од пожар и експлозија пред распоредувањето на работа и при измените на техноло шкиот процес да бидат запознати со опасностите од пожар и експлозија, а во текот на работата се грижи за неговата обука и употреба на знаењето од област на заштита од пожари.**

**Член 27**

**Обуката на вработените од областа на заштита од пожари се состои од практичен и теоретски дел. Обуката се врши на сите категории на вработени и на сите работни задачи во претпријатието.**

**Член 28**

**Содржината на програмата за обуки на вработените опфаќа :**

1. **Пожарните опасности, општи и посебни кои што го загрозуваат имотот и вработените;**
2. **Правата и обврските на вработените во претпријатието**
3. **Организацијата на заштита од пожари;**
4. **Опремата и средствата за гасење од пожари;**
5. **Правилата за спасување на луѓе, дојава и гасење на пожари;**

**Член 29**

**Содржината за програмата за обука на вработените од областа на заштитата од пожари, се утврдува:**

1. **На основа на непосредното запознавање на изворите за заштита од пожари;**
2. **Врз основа на техничко-технолошките и други документации**
    a. **(упатства за работа).**

**Член 30**

**Програмата за обука мора да се темели врз основа на организиционата состојба т.е. технолошката и кадровската состојба во претпријатието во времето на неговото донесување и изработка.**

**При секоја промена на процесот на работењето , технолошкиот процес и прописите за заштита од пожари мора да се врши и промени во програмата за обука на вработените од областа на заштита од пожар.**

**Член 31**

**Програмата за обука и неговите измени и дополнувања ги изработува заедничката стручна служба на претпријатието а конечно ги утврдува Комисијата за заштита од пожари**

**Измените дополнувањата на програмата за обука на вработените се спроведуваат и изработува на ист начин како и при донесувањето.**

**На изработката на програмата за обука по потреба можат да се ангажират и надворешни соработници**

**Член 32**

**Со програмата се одредува содржината за секое работно место потребната литература,потребното време на слушање и ако е обуката од семинарски тип и постапките кои што се во склад со Правилникот за заштита од пожари.**

**Програмираната материја од областа на Заштита на работата.**

**Член 33**

**Проверувањето на знаењето после извршената обука од областа на заштитата од пожари се врши само од материјата која што е одредена во програмата за обука.**

**Тестовите ги составува посебна служба**

**Член 34**

**Проверувањето на практичната оспособеност на вработените ја врши непосредниот раководител кој што ја вршел обуката на вработените или овластеното лице**

**Член 35**

**Проверката на практичната и теоретската обука на вработените се врши кај ново примените работници и оние кои се прераспоредени од едно на друго работно место , и лица вработени кои работат на изменети технолошки постапки во процесот на работата .**

**Проверувањето во практичната работа се врши така што на секој нов работник со својата работа покаже доволно способност и сите технолошки операции ги изведува самостално и на сигурен начин вработениот кој што по оценката нема да покаже доволна оспособеност ќе се обучува и понатаму,а ако и понатаму покаже недоволна оспособеност за своето работно место ќе се одлучи врз основа на спогодба за меѓусебните односи на вработените дали работникот ќе го изгуби својството на работник или пак ќе се реши на друг начин.**

**Член 36**

**За извршената обука односно проверка на оспособеноста се врши потребна евиденција во која се внесени потребните податоци со доказ на извршената обука на вработените.**

## ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА НЕПРИДРЖУВАЊЕ КОН ПРОПИШАНИТЕ МЕРКИ

**Член 37**

**Работникот кој во делокругот на работата н не ги исполнува задачите и обврските во врска со заштитата од пожар и физичкото обезбедување на имотот прави со овој правилник а врз основа на законот и Статутот на претпријатието потешка повреда на работната обврска.**

**Член 38**

**За повреда на работните обврски од член 18 од овој правилник работникот одговара по одредбите на правилникот за дисциплинска-матрејална одговорност на работниците.**

**Член 39**

**Работникот кој поради непридржување кон пропишаните мерки за заштита од пожар намерно или од невнимание предизвика матрејална штета должен е таа штета да ја надокнади, надокнадата на матерјалната штета од предходниот став се врши на начин и по постапка утврдена со актот за одговорноста на работниците во претпријатието.**

**Член 40**

**Одговорноста поради повреда на работните обврски и матрејалната одговорност на работникот,по одредбите од овој правилник не ја исклучува одговорноста на работникот.**

**Непосредниот раководител штом дознае дека работникот за не придружување кон пропишаните мерки за заштита од пожар стори кривично дело должен е за тоа да ја извести службата за општи работи и раководното лице**

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

**Планот за заштита од пожар, како составен дел на овој Правилник, мора во рок од 3** месеци **од неговото усв**ојуње од **Управниот одбор на претпријатието да биде разрботен во претпријатието.**

**Член 42**

**Кршењето на одредбите од Законот за заштита и спасување на овој Правилник повлекува дисциплинска материјална одговорност.**

**Член 43**

**Овој правилник мора да биде умножен во доволен број на примероци и да се подели на : припадниците на службата за бебеденост и противпожарната заштита на припадниците одговорни лица и запознаат вработените.**

**Член 44**

**Одлуките на Управниот одбор донесени за превземање на превентивни мерки како и други одлуки што ќе се донесат по прифаќањето на овој Правилник ќе се сметаат како составен дел на овој Правилник .**

**Член 45**

**Во колку одредбите од овој Правилник станат спротивно на ниво донесените законски прописи во тој случај ќе се променат нормите од ново донесените законски прописи**

**Член 46**

**Измените и дополнувањата во овој Правилник се вршат на начин и постапка како и за неговото донесување .**

**Член 47**

**Овој Правилник стапува во сила 5 дена од денот од неговото усвојување од страна на Управниот Одбор на претпријатието ЈП Комуналец Кавадарци.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОРГАН**

_______________________________________